УДК: 929Керамичиева
*Психологија: наука и практика*, Vol. IV (7-8), 2020
Стручен прилог

# IN MEMORIAM



## проф. д-р РУЖИЦА КЕРАМИЧИЕВА
## (1930 – 2019)

Ружица Керамичиева беше родена во Суботица, а ги заврши студиите по психологија на Филозофскиот факултет во Белград, каде што подоцна магистрираше и докторираше. На Филозофскиот факултет во Скопје работеше од 1976 до нејзиното пензионирање во 2001 год. Започна како асистент по детска и младинска психологија, а кариерата ја заврши предавајќи предмети од областите: развојна психологија и психологија на воспитанието и образованието. Најсилен печат остави во областа на методиката на наставата по психологија, не само како професор по тој предмет, туку и како модел наставник кој во своето професионално работење континуирано ги имплементираше концептите на интерактивно учење и активна настава. Ќе остане запаметена како ценет колега меѓу членовите на Институтот по психологија, но и како омилен наставник меѓу студентите на кои им предаваше од сите институти на Факултетот.